


Со цел да изградиме мрежа на млади перспективни експерти и истражувачи од целиот свет кои се заинтересирани за Балканот, регионот и Република Македонија, Институтот за економски стратегии и меѓународни односи ОХРИД ја започна програмата за стажанти на кои им овозможува да дојдат и да бидат дел од тимот на Институтот ОХРИД и воедно да спроведат истражувања за Македонија и за регионот. Стажантите на Институтот ОХРИД ќе спроведуваат истражувања и ќе учествуваат во работата на Институтот ОХРИД со што ќе се здобијат со несекојдневно и доста корисно искуство и знаење во однос на регионот и воопшто за работата на еден тинк-тенк. По завршувањето на стажирањето, стажантите остануваат дел од Институтот ОХРИД, дел од идни проекти и соработка.

Оние што се заинтересирани да аплицираат за оваа програма треба да бидат студенти на до-дипломски или пост-дипломски студии со интерес во економијата, меѓународните студии, политиката и истражувањето. Како предност ќе се смета посебниот интерес во некој од проектите или програмските цели на Институтот ОХРИД. Одлично познавање на англиски јазик е задолжително.

Институтот ОХРИД ја започна оваа иницијатива минатата година и досега ангажираше 6 стажанти, од кои четворица од Република Македонија и двајца од Универзитетот Пепердајн, Лос Анџелес, Калифорнија, САД (Pepperdine University) и од Универзитетот Лондон-школо за економија, Велика Британија (London School of Economics).

**Како да се пријавите**

Заинтересираните студенти треба да испратат свое резиме (биографија) заедно со мотивационо писмо, објаснувајќи ги причините за нивното пријавување на програмата. Потребните документи треба да се испратат на e-mail: info@oi.org.mk или на ул. Димитрије Туцовиќ 24, Скопје. Пријавувањето е отворено во текот на целата година.